Архивски знак: 0202
Рок на чување: трајно
25.12.2017 година

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

0202-1287/4
25.12.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 и член 25 точка 13 од Статутот на Црвениот крст на РМ, Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ на својата седница одржана на 25.12.2017 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за прием и престанок на членство во Црвен крст на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите и постапката за прием и престанок на членство во Црвен крст на Република Македонија (во натамошен текст: Црвен крст на РМ).

Член 2

Член на Црвен крст на РМ може да биде секое лице кое го прифаќа Статутот на Црвениот крст на РМ и доброволно потпишува пристапница.

Член 3

Членот добива членска картичка од Општинската организација чија форма и содржина е уредена во Правилникот за формата и содржината на членската картичка и легитимација за член и вработен во Црвениот крст.

Член 4

Членот на Црвениот крст на РМ има обврска да плаќа годишна членарина во висина утврдена со Одлука на Раководниот одбор на на Црвениот крст на РМ.

Членарината се плаќа еднаш годишно, до крајот на тековната година, со каса-прими, преку банка или електронски на жиро-сметка на Општинската организација.

Член 5

Основната и Општинската организација водат регистар за членство.

Регистарот во Основната организација се води во хартиена форма, а во Општинската организација и во Црвен крст на РМ се води во електронска форма.

Секој упис или бришење поради престанок се евидентира во регистарот кој редовно се ажурира.

Член 6

Регистарот ги содржи основните податоци за членот кои се содржани во пристапницата.

Податоците за членовите во Црвениот крст на РМ се заштитени.

Член 7

Секој член е должен во рок од 30 дена да ја извести Основната организација /Општинската организација за промена на неговите податоци за достапност, а особено телефонскиот број и адресата на електронската пошта која служи за комуникација.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Членување во Црвениот крст

Член 8

Членување во Црвениот крст на РМ е доброволно и отворено за сите и тоа со:

- Барање за членување/потпишана пристапница;
- Покана за прием со потпишана пристапница.

Член 9

Основната организација ги доставува барањата за членување во Црвениот крст на РМ до Општинската организација која ја покрива единицата на локалната самоуправа каде лицето живее, работи или се образува .

Член 10

Општинската организација може да упати јавна покана за зачленување во Црвениот крст, како и поединечна покана, особено до одредени лица кои на било кој начин придонеле за афирмација на организацијата на Црвениот крст на РМ, докажани волонтери на Црвениот крст на РМ и повеќекратни доброволни дарители на крв во организација на Црвениот крст на РМ.

Член 11

Раководниот одбор на Општинската организација ги разгледува Барањата/ Пристапниците и го констатира приемот/членувањето на новите членови во Црвениот крст.

Член 12

Раководниот одбор на Општинската организација може за определено време на некое лице да му го одложи приемот/членувањето во Црвениот крст, од причини

поврзани со неговата активност и однесување, кои може да наштетат на угледот на Црвениот крст и на неговото работење.

**2. Признавање и вреднување на членување во Црвениот крст на РМ**

Член 13

Членувањето во Црвениот крст се признава и вреднува со обезбедување можност на сметка на Црвен крст на РМ да се добие:

- награди и признанија;
- потврда за членство и сертификати за стекнати одредени вештини;
- обука за одредени активности во деловни и рекреативни капацитети на Црвениот крст на РМ;
- надградба на знаење и личен развој.

Член 14

Членовите на раководните и управувачки структури и носители на функции на сите нивоа на организираност во Црвениот крст на РМ, колективно или поединечно, во организација или со одобрение од Централната канцеларија, во вршење на своите надлежности и обавување активности за потребите на Црвениот крст на РМ, на сметка на Општински организации/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ, може да патуваат во земјата и странство и да користат деловни и рекреативни капацитети на Црвениот крст на РМ.

Во рамките на размена на искуства и реципроцитет членовите на раководните и управувачки структури и носители на функции на сите нивоа на организираност во Црвениот крст на РМ, во организација или со одобрение од Централната канцеларија, може да примаат поединечни гости и делегации од Црвен крст на други држави, при што одредени трошоци за нивен престој се на терет на Општински организации/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ.

**3. Престанок на членство во Црвениот крст на РМ**

Член 15

Правата и обврските на членовите на Црвениот крст на РМ се уредени во Статутот на на Црвениот крст на РМ.

Член 16

Членувањето во Црвениот крст на РМ престанува со:

- со смрт на членот;
- поднесување на писмена изјава за истапување од Црвениот крст;
- неплаќање на две последователни годишни членарини; и
- исклучување.

Член 17

Членувањето во Црвен крст на РМ престанува со смрт на членот.

Член 18

Членувањето во Црвениот крст престанува со писмена изјава за истапување на членот која може да содржи и образложение за причините за истапување.

Член 19

Членувањето во Црвениот крст престанува поради неплаќање на 2(две) последователни годишни членарини по истекот на рокот за плаќање на членарината наведен во опомената која се доставува до членот.

Член 20

Исклучување од членство во Црвениот крст е уредено во Статутот на Општинската организација/Црвен крст на РМ и тоа поради:

- Повреда на основните принципи на Движењето;
- Непочитување на Статутот на Црвениот крст на РМ, Статутот на Црвен крст на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје;
- Членувањето во Црвениот крст на РМ се злоупотребува за лична корист;
- Злоупотреба на амблемот на Црвениот крст;
- Вклучување во активности кои се штетни за угледот на Црвениот крст на РМ, и
- При отповикување/престанок на мандат на претставник во Собрание на Црвен крст на РМ и член на раководни и управувачки структури за сторено дело кое го прави недостоен и го нарушува угледот на Црвениот крст на РМ.

**4. Постапка за исклучување од членство во Црвениот крст на РМ**

Член 21

Член на Црвен крст на РМ може да пријави член кој не почитува Статут на Црвен крст на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ или непримерно се однесува со што му наштетува на Црвениот крст на РМ.

Член 22

По констатацијата дека членот на Црвениот крст не го почитува Статутот на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ, и непримерно се однесува Раководниот одбор на Општинската организација писмено го опоменува и му укажува да го промени своето однесување.

Член 23

Доколку членот продолжи со непримерно однесување Раководниот одбор на Општинската организација му предлага на Собранието на Општинската организација да донесе одлука за негово исклучување од членство во Црвениот крст на РМ.

Член 24

Собранието на Општинската организација на прва наредна седница расправа по предлогот на Раководниот Одбор и донесува одлука.

Член 25

Против Одлуката на Собранието на Општинската организација за исклучување од членство во Црвениот крст на РМ членот има право на приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката до Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Член 26

До донесување на конечна одлука Собранието на Општинската организација може на членот да му го ограничи правото да учествува во работата на органите и телата на Црвениот крст на РМ на сите нивоа на организациона поставеност.

Член 27

Општинската организација ја известува Централната канцеларија на Црвениот крст на РМ за донесена Одлука за исклучување на член од членување во Црвениот крст на РМ доколку членот е носител на функција, претставник во Собрание на Црвен крст или член во раководни и управувачки структури.

Член 28

Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ по приговорот расправа и одлучува по поднесениот приговор на прва наредна седница и донесува конечна одлука како второстепен орган со 2/3 мнозинство од присутните членови со право на глас и против истата не може да се бара судска заштита.

Член 29

По престанување на членување во Црвениот крст на РМ членот ја враќа членската картичка или Општинската организација ја прогласува за неважечка, за што се известува Централната канцеларија на Црвениот крст на РМ.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 30

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во постапка како и за негово донесување.

Член 31

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 32

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за прием и престанок на членство во Црвениот крст на Република Македонија (бр. 02-150/7 од 17.03.2014 година).

Претседател

Проф.д-р Ромел Велев

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * Скопје *